**20141173660**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/1999, 86/1999, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011, 135/2011, 155/2012, 12/2014 и 112/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 1.8.2014 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРАТА И УСЛУГИТЕ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/06, 116/07, 126/07, 145/08, 41/11, 150/11 и 147/12), во членот 2 став (1) по точката 11 се додаваат три нови точки 12, 13 и 14 кои гласат:

„12. Добиточна храна, адитиви за добиточна храна и жив добиток распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

| Реден број | Тарифен број | Наименување на стоките според Номенклатура на царинска тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1 | 0101 | Коњи, магариња, маски и мулиња, живи |
| 2 | 0102 | Живи животни, вид говеда (Bovinae) |
| 3 | 0103 | Свињи, живи |
| 4 | 0104 | Овци и кози, живи |
| 5 | 0105 | Живина, домашна, жива, живина од видот Gallus domesticus, пајки, гуски, мисирки и морки |
| 6 | 0301 | Риби, живи |
| 7 | 1003 90 00 20 | - Добиточен |
| 8 | 1008 10 00 00 | - Елда |
| 9 | 1008 29 00 00 | - Друго<br>* Добиточна храна |
| 10 | 1008 30 00 00 | - Семе за птици |
| 11 | 2301 | Брашно, прав и пелети, од месо или од месни кланични производи, од риби или од черупкари, мекотелци или други водни без'рбетници, непогодни за човечка исхрана; џимиринки |
| 12 | 2302 | Трици и други остатоци добиени со просејување, мелење или друга обработка на жита и мешункасти растенија, непелетизирани или пелетизирани |
| 13 | 2303 | Остатоци од производство на скроб и слични остатоци, резанки од шеќерна репка, отпадоци од шеќерна трска и други отпадоци од шеќерната индустрија, остатоци и отпадоци од пивари или дестилерии, непелетизирани или пелетизирани |
| 14 | 2304 00 00 00 | Маслени погачи и други цврсти остатоци, добиени при екстракција на масло од соја, немелени, мелени или пелетизирани |
| 15 | 2305 00 00 00 | Маслени погачи и други цврсти остатоци, добиени при екстракција на масло од кикирики, немелени, мелени или пелетизирани |
| 16 | 2306 | Маслени погачи и други цврсти остатоци, добиени при екстракција на растителни масноти или масла, освен оние од тар. броеви 2304 и 2305, немелени, мелени или пелетизирани |
| 17 | 2308 00 | Растителни материјали и растителни отпадоци и остатоци од преработка на растителни материјали и споредни производи, пелетизирани или непелетизирани, што се употребуваат за исхрана на животни, на друго место неспомнати или опфатени |
| 18 | 2309 | Производи што се употребуваат за исхрана на животни |
| 19 | 2309 90 | - Друго<br>* адитиви за добиточна храна |

13. Бебешки производи и тоа: креветче, количка, транспортер, релаксатор, седиште за во возило, када, хранилка, цуцла, шише и пелени за бебиња распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

| Реден број | Тарифен број | Наименување на стоките според Номенклатура на царинска тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1 | Ex.9403 60 90 00 | - - Друг дрвен мебел<br>*Бебешко креветче од дрво |
| 2 | Ex.9403 89 00 00 | - -Друго<br>*Бебешко креветче од друг материјал |
| 3 | 8715 00 10 00 | - Бебешки колички |
| 4 | Ex.9401 80 00 00 | - Други седишта<br>*Бебешки транспортер<br>*Бебешки релаксатор<br>*Бебешко седиште за во возило<br>*Бебешки хранилки |
| 5 | Ex.3922 10 00 00 | - Кади, туш-кади, садопери и лавабоа<br>*Бебешка када |
| 6 | Ex.3926 90 97 90 | - - - - Друго<br>*Цуцли од пластични маси |
| 7 | Ex.4014 90 00 00 | -Друго<br>*Цуцли од гума |
| 8 | Ex.7013 99 00 00 | -- Други<br>*Бебешки шишиња од стакло |
| 9 | Ex.3924 90 00 00 | -Друго<br>*Бебешки шишиња од пластика |
| 10 | Ex.9619 00 50 00 | - Пелени и влошки за бебиња, и слични производи<br>* Пелени и влошки за бебиња |
| 11 | Ex.9619 00 81 10 | - - - - од хартиена пулпа, хартија, целулозна вата или листови и ленти од целулозни влакна<br>* Пелени и влошки за бебиња |
| 12 | Ex.9619 00 30 00 | - од вата од текстилни материјали<br>* Пелени и влошки за бебиња |
| 13 | Ex.9619 00 81 90 | - - - - Друго<br>* Пелени и влошки за бебиња |

14. Училишен прибор и тоа: училишна торба (ранец), тетратка, молив, пенкало, блок, работна тетратка, боички, линеар, шестар, пластелин, острилка, гума и коректор, распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

| Реден број | Тарифен број | Наименување на стоките според Номенклатура на царинска тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1 | Ex.4202 12 11 00 | - - - - Ааше-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби<br>*Училишни торби (ранец) од пластични маси |
| 2 | Ex.4202 11 10 00 | - - - Ааше-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби<br>*Училишни торби (ранец) од кожа |
| 3 | 4820 20 00 00 | - Тетратки |
| 4 | Ex.9609 | Моливи (освен моливите од тар. број 9608), писалки, мини за моливи, пастели, јаглен за цртање, креди за пишуваше или цртање и кројачки креди<br>*Моливи<br>*Боици |
| 5 | 9608 10 | - Пенкала |
| 6 | Ex.4820 10 90 00 | - -Друго<br>*Блокови |
| 7 | Ex.9608 20 00 00 | - Фломастери и маркери со врв од филц или друг порозен материјал<br>*Фломастери |
| 8 | Ex.9017 80 10 00 | -- Мерни шипки, мерни траки и ленири со мерна поделба<br>*Ленири |
| 9 | Ex.9017 20 10 00 | - -Други инструменти за цртање<br>*Шестар |
| 10 | Ex.3407 00 00 90 | - Друго<br>* Пластелин |
| 11 | Ex.8214 10 00 00 | -Ножеви за хартија, за отворање на писа, за бришење (стружење - радирање), за острење на моливи, и сечила за нив<br>*Острилка |
| 12 | 4016 92 00 00 | --Гуми за бришење |
| 13 | Ex.3824 90 97 00 | - - - -Друго<br>* Коректор |

“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-6493/1 | Заменик на претседателот |
| 1 август 2014 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |